# Статистичко истражување за надворешна трговија

## МТПБ_НТ_М_МК_2023_12

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Оделение за надворешна трговија | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Сузана Србокова | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Раководител на одделение за надворешна трговија | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| suzana.srcokova@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 777 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 22/07/2025 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 22/07/2025 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 25/07/2025 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Извозот опфаќа: редовен извоз, извоз заради облагородување во странство, извоз во странство после внатрешна преработка или преработка под царинска контрола.
Увозот опфаќа: редовен увоз, увоз по извршено облагородување во странство, увоз за внатрешна преработка или преработка под царинска контрола.
Царинското складирање и извозот/увозот од/во слободните царински зони без преработка се исклучени.
Територијата на набљудување во статистиката на надворешната трговија, е економската територија, која во основа се совпаѓа со царинската (државна) територија.

### 3.2 Систем на класификации

1) Царинска тарифа,
2) Класификација на производи по дејности КПД,
3) Хармонизиран систем на шифрени ознаки и називи на стоки, ХС 2022,
4) Комбинирана номенклатура, КН,
5) Стандардна меѓународна трговска класификација, СМТК Рев.4,
6) Класификација на основните економски категории, КОЕК,
7) Список на држави-алфа 2 код.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Предмет на статистичкото истражување за статистиката за надворешна трговија се стоки што заминуваат или влегуваат во статистичката територија на Република Северна Македонија, кои го формираат прометот во трговијата на земјата.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Во статистиката на надворешно-трговската размена, единица на набљудување е секоја стоковна испорака што се врши во рамките на извозот, односно увозот на стоки, којашто мора да биде хомогена од гледна точка на видот на стоката, земјата на потекло, односно намената, начинот на плаќање и моментот на минување на границата.
Статистичката обработка на податоците за извозот и увозот се врши месечно и годишно.
Податоците за извозот и увозот се распоредуваат во месецот во кој е извршена трансакцијата според времето на приемот на образецот за единствен царински документ.
Месечните податоци за тековната година се дополнуваат и коригираат тековно. Со првата обработка на податоците се опфаќаат околу 95% од вкупните податоци. Податоците што дополнително ќе се опфатат и сите корекции во податоците, се вклучуваат во месецот на набљудување според датумот на приемот на образецот за единствениот царински документ. Поради тоа, податоците во текот на годината се третираат како претходни, сè до публикувањето на дефинитивните податоци.
Индикаторите: вредност на стоковната размена изразена во национална валута, долари и евра, количина на стоковната размена изразена во килограми и индекси на единица вредност, дисеминирани по главните групи на Царинската тарифа, класификациите СМТК, КОЕК и КПД се објавуваат на месечно и кумулативно агрегирано годишно ниво.

### 3.5 Статистичка единица

Физичко или правно лице

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|
| Сите правни и физички лица кои поднесуваат царинска декларација во која се регистрираат сите трговски стоки кои ги зголемуваат или намалуваат матријалните резерви на земјата преку извоз или увоз, вклучувајќи ги и доработките, во согласност со принципот на специјална трговија (проширена дефиниција). | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| Република Северна Македонија | |
| **3.8** | **Временска покриеност** |
| Од 1993 година наваму. | |
| **3.9** | **Базен период** |
| За индексите на единица вредност, базен период е 2021 (2021=100) | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Трговска вредност (во национална валута, американски долари и евра)<br>количини во кг (нето маса)<br>количини во дополнителна единица, според Комбинираната номенклатура и Царинската тарифа (на пр. литри, квадратни метри, број на артикли) | |
| **5** | **Референтен период** |
| Референтен период за извезената и увезената стока е календарскиот месец во текот на кој царинската декларација е прифатена од царинските органи. | |
| **6** | **Институционален мандат** |
| | |
| **6.1** | **Законски акти и други договори** |
| Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16 и 83/18, 220/18, 31/20) и Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23 и 57/25). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)<br>Меѓународни: Регулатива (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 Мај 2009, Регулатива (ЕЗ) бр. 92/2010 на Комисијата од 2 Февруари 2010; бр. 113/2010 на Комисијата од 9 Февруари 2010; бр. 2658/87 на Комисијата од 23 Јули 1987; бр. 2913/92 на Комисијата од 12 Октомври 1992. Методологија на стоковата размена Евростат 2006, Упатство за спроведување на INTRASTAT и EXTRASTAT законодавството, Евростат 2014, Меѓународните стокови и трговски статистички концепти и дефиниции на статистичката служба на Обединети нации (ИМТС2010).<br>Легислатива применлива од 1 Јануари 2022<br>Регулативата (ЕУ) 2019/2152 на Европскиот Парламент и Советот од 27 Ноември 2019 за Европските бизнис статистики и нејзините имплементирачки регулативи | |
| **6.2** | **Споделување на податоци** |
| Не е применливо | |
| **7** | **Доверливост** |
| | |

## 7.1 Доверливост - политика

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .
2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Согласно член 38 од Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за статистичка доверливост (https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf)), индивидуалните податоци не се објавуваат.

# 8 Политика за објавување

## 8.1 Календар на објавување

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот на навремено објавување, кој се ажурира квартално.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

https://www.stat.mk/en/publishing-calendar/#/

## 8.3 Кориснички пристап

Сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

# 9 Фреквенција на дисеминација

Месечно - кумулативно ниво, претходни податоци.
Годишно - кумулативно ниво, дефинитивни податоци и податоци за индекси на единица вредност.

# 10 Достапност и јасност

## 10.1 Соопштенија

Соопштенијата се објавуваат месечно и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија“

## 10.2 Публикации

Статистички годишник,
Месечен статистички билтен,
МакСтат избор.

## 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСТАТ база на податоци - Надворешна трговија, достапна на веб-страната на Државниот завод за статистика.
http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/en/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22).

## 10.5 Друго

Временски серии за кумулативни месечни податоци: од јануари 2002 година преку еДАМИС до Евростат.
Временски серии за кумулативни месечни податоци преку ФТП до базата на податоци на Обединетите Нации
Временски серии за месечни податоци за Специјалниот систем за дисеминација на податоци СДДС Плус- Специјални податоци

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика
https://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=78&rbrObl=23
https://www.stat.gov.mk/Metodologii.aspx

## 10.7 Документација за квалитетот

Извештај за квалитет што е подготвен по финалната обработка и по публикувањето на податоците. Извештајот се подготвува во согласност со интерните упатства и е само за интерна употреба.

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework--https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf).
Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 46 и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Статистиката на надворешната трговија го следи протокот на стоки преку националните граници и се користи за донесување на одлуки како во јавниот така и во приватниот сектор, на пример, за билатерални и мултилатерални трговски преговори, за планирање и управување на економската, трговската и монетарната политика, за истражување на пазарот и комерцијални стратегии итн. Следејќи ги потребите на корисникот, ДЗС обработува податоци во скроен формат за корисниците на податоци (како државни институции, трговски комори, научници и деловни субјекти).

| 12.2 | Задоволство на корисниците |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | Комплетност |
|---|---|

ВВо однос на варијаблите кои се предвидени според Регулатива (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 Мај 2009, ДЗС има целосна покриеност.

| 13 | Точност и веродостојност |
|---|---|

| 13.1 | Севкупна точност |
|---|---|

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| 13.2 | Примерочни грешки |
|---|---|

Не е применливо

| 13.3 | Непримерочни грешки |
|---|---|

Контролата на податоците преку проверка на нивната точност, веродостојност и севкупност на податоците, покажува незначително учество на неправилни царински декларации.

| 14 | Навременост и точност |
|---|---|

| 14.1 | Навременост |
|---|---|

Податоците се објавуваат на следниов начин:
Претходни податоци - Т+40 денови

Дефинитивни податоци - Т+480 денови
Иднекси на единица вредност - Т+720 денови

| 14.2 | Точност |
|---|---|

Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и навремено проследени/испратени до Евростат.

| 15 | Кохерентност и споредливост |
|---|---|

| 15.1 | Географска споредливост |
|---|---|

Податоците се произведуваат на национално ниво, споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

| 15.2 | Временска споредливост |
|---|---|

1) Податоците се споредливи низ времето и главни промени кои се спроведоа во националната методологија се следниве:
-обработка на податоците во согласност со КОЕК во 2008 година,
-обработка на податоците во согласност со СМТК во 2007 година,
-воведување на код за Косово во 2009 година,
- приклучувањето на Хрватска кон ЕУ во 2013 година,
- излегувањето на Велика Британија од ЕУ во 2020 година,
-воведување и обработка на податоците во согласност со КПД 2.1 во 2017 година,
-обработка на податоците во согласност со ХС во 2017 година,
-обработка на податоците во согласност со ХС во 2022 година.
2) Обезбедена е споредливост на податоците без прекин на временската серија од 1993 година за индикаторот вредност на реализирана стоковна размена.
3) За индексите на единица вредност е обезбедена серија од 1998 година.

| 15.3 | Меѓудоменска кохерентност |
|---|---|

Податоците се кохерентни со податоците од Билансот на плаќање, Национални сметки и Бизнис статистиките

| 15.4 | Внатрешна кохерентност |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

| 16 | Трошок и оптовареност |
|---|---|

Не е применливо

| 17 | Ревизија на податоците |
|---|---|

| 17.1 | Политика за ревизија на податоците |
|---|---|

Ревизијата на податоците се врши согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС:
https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

| 17.2 | Практика за ревизија на податоците |
|---|---|

Податоците од истражувањето за стоковна размена се објавени како претходни и дефинитивни податоци

## 18 Статистичка обработка

### 18.1 Извори на податоци

Извор на податоците се податоците од царинските декларации. Податоци за сите царински постапки, освен за постапките за транзит, Царинската управа доставува до ДЗС.

### 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Месечно кумулативно.

### 18.3 Прибирање на податоците

Секој месец Царинската Управа, во xml формат, ги доставува податоците од дигиталната царинска декларација за последниот месец, вклучувајќи ги и ревидираните податоци за претходните месеци и година. Периодот на пренесување е најдоцна 15 дена по завршување на референтниот месец.

### 18.4 Проверка на податоците

Процесот на валидација е организиран и се спроведува во согласност со валидационите правила дефинирани во методолошкото упатство за валидација на податоците и е во тесна врска со кодот на добра пракса. Контролата на податоците преку проверка на нивната точност, веродостојност и севкупност, покажува незначително учество на неправилни царински декларации.

### 18.5 Компилирање податоци

Процесот на компилирање на податоците започнува со дефинирање на опфат на истражувањето преку корелациона врска на царинските постапки и начинот на плаќање. Применета на Анекс и од Регулативата на ЕУ бр.113/2010 ја дефинира листата на стоки кои се исклучуваат од обработка.
Надворешно-трговската размена се спроведува во согласност со системот на специјална трговија (проширена дефиниција), дефиниран во препораките на Меѓународните стокови и трговски статистички концепти и дефиниции на статистичката служба на Обединети нации (ИМТСЦД ). Класификацијата на земјите е според ISO 3166 алфа-2 кодовите.
Според принципот на специјална трговија, во извозот се опфаќа сета стока извезена во странство и во странските царински складишта и индустриските слободни зони, а што потекнува од домашниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони, и национализирана стока.
Извозот опфаќа:
- редовен извоз,
- извоз заради облагородување во странство
- извоз во странство после внатрешна преработка или преработка под царинска контрола

Увозот ги опфаќа сите стоки увезени директно од странство, од царински транзит или од царински складишта и индустриски слободни зони. Ова значи дека во увозот се опфаќа сета стока што е оцаринета и пуштена во внатрешниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони и е увезена за облагородување.
Увозот опфаќа:
- редовен увоз,
- увоз за внатрешна преработка или преработка под царинска контрола,

- увоз по извршено облагородување во странство.
Извозот се пресметува врз основа на FOB паритет (трошоците за транспорт и осигурување од местото на извоз во Р.С.Македонија до македонска граница се вклучени во вредноста) и CIF паритет (трошоците за транспорт и осигурување од местото на извоз во земјата-извозник до македонската граница се вклучени во вредноста) основа за увоз.
Исклучоци од опфатот
Статистиката на надворешно трговска размена не ги вклучува следниве трансакции, а кои се предмет на царина:
- монетарно злато
- привремен извоз/увоз на стоки
- стока во транзит
- стоки под оперативен лизинг
- стоки наменети за дипломатски цели
-поправка на возила во странство, освен поправки засновани на понатамошна обработка
-стоки кои се предмет на двојна сопственост
-личен багаж и туристичка стока, вклучувајќи возило
-комерцијални примероци со минимална вредност
-реекспорт
Царинското складирање и извозот/увозот од/во слободните царински зони без преработка се исклучени.
Статистичката вредност е вредноста на стоката изразена во денари според паритетот “испорачано на македонска граница”. Статистичката вредност на стоките увезени или извезени после преработката е таканаречена бруто вредност.Таа ја вклучува вредноста на увезените или извезените стоки (материјали) плус вредноста на извршената услуга.
Статистичката вредност се пресметува автоматски од вредноста на фактурата по употреба на алгоритам.
Статистичката вредност за увезената стока е C.I.F. паритет, односно транспортните трошоци и трошоците за осигурување од местото на испорака во земјата извозник до државната граница на Република Македонија, се вклучени во статистичката вредност.
Статистичката вредност за извезената стока е F.O.B. паритет, односно транспортните трошоци и трошоците за осигурување од местото на испорака во Република Македонија до државната граница на Република Македонија се вклучени во статистичката вредност.
Статистичката вредност во национална валута се пресметува (рекалкулира) во американски долари и евра со користење на дневниот курс (среден курс на НБРМ) на денот на поднесување на царинската декларација.
После примената на валидационите правила (проверка на точност,севкупност на податоците,споредба со временска серија и линеарна регресија) се пресметува статичката вредност. За индексите на единица вредност обработката се врши со примена на формулите на Ласпер, Паше и Фишер.

## 18.6 Прилагодување

Податоците од царинските декларации се обработуваат без примена на статистички праг и следствено потреба од прилагодување на податоците не се јавува. Десезонирањето на податоците не се спроведува.

## 19 Коментар

## A.1 Анекси